# ПРОЕКЦИИ НА КУЛТУРНИТЕ ТРАДИЦИИ: БЪЛГАРИЯ – МАКЕДОНИЯ



Издателство на БАН „Проф. Марин Дринов"

# ПРОЕКЦИИ НА КУЛТУРНИТЕ ТРАДИЦИИ: БЪЛГАРИЯ – МАКЕДОНИЯ

BULGARIAN ACADEMY OF SCIENCES

INSTITUTE OF ETHNOLOGY AND FOLKLORE STUDIES
WITH ETHNOGRAPHIC MUSEUM

# PROJECTIONS OF CULTURAL TRADITIONS: BULGARIA – MACEDONIA

Sofia • 2017

Prof. Marin Drinov Publishing House
of Bulgarian Academy of Sciences

БЪЛГАРСКА АКАДЕМИЯ НА НАУКИТЕ

ИНСТИТУТ ЗА ЕТНОЛОГИЯ И ФОЛКЛОРИСТИКА
С ЕТНОГРАФСКИ МУЗЕЙ

# ПРОЕКЦИИ НА КУЛТУРНИТЕ ТРАДИЦИИ: БЪЛГАРИЯ – МАКЕДОНИЯ

София • 2017

Издателство на БАН „Проф. Марин Дринов“

*На корицата: Кадин мост, снимка Wikipedia*

**Съставители:**
проф. д.изк. Лозанка Пейчева
гл.ас. д-р Григор Хар. Григоров

**Редакционна колегия:**
проф. д.изк. Лозанка Пейчева
проф. д-р Зоранчо Малинов
д-р Ели Луческа, н.с.
проф. д-р Катерина Петровска-Кузманова
гл.ас. д-р Григор Хар. Григоров
гл.ас. д-р Яна Гергова

© Лозанка Георгиева Пейчева, Григор Харалампиев Григоров, съставители, 2017
© Институт за етнология и фолклористика с Етнографски музей – БАН, 2017
© Яна Максимова Гергова, художествено оформление, 2017
© Издателство на БАН „Проф. Марин Дринов“, 2017

**ISBN 978-954-322-884-3**

## СЪДЪРЖАНИЕ

**Современи државни празници во Македонија и Бугарија**
*Зоранчо Малинов* 7

**Градът като текст: семантика на символичните пространства, оформени чрез изградените по проект „Скопие 2014" паметници**
*Григор Хар. Григоров* 27

**Разказите, които създават реалност**
*Албена Георгиева* 75

**Современи семејни празнувања – некои компаративни споредувања во Македонија и Бугарија**
*Весна Петреска* 83

**Връзка със свещената отвъдност: вярвания и ритуални практики при гробове и мощи на светци (по примери от България и Р. Македония)**
*Вихра Баева* 104

**Култът към светци безсребърници в Македония. По примери от Скопие и Охрид**
*Яна Гергова* 121

**Светите бесребреници Кузман и Дамјан во Сандански. Култ и календар**
*Ели Луческа* 134

**Сакрални места и културна памет на тройната граница – почитта към светците-пустиножители в Осоговския манастир**
*Петко Христов* 146

**Историскиот развој на фолклорните манифестации, собори и фестивали, во Р. Македонија и Р. Бугарија**
*Владимир Карацоски* 157

**Традиција во современ контекст. Фолклорни манифестации и фестивали**
*Катерина Петровска – Кузманова* 180

**Фестивализација и поставување на фолклорот на сцена – компарација помеѓу Македонија и Бугарија**
*Велика Стојкова-Серафимовска* 195

## СЪДЪРЖАНИЕ

**Современи државни празници во Македонија и Бугарија**
*Зоранчо Малинов* 7

**Градът като текст: семантика на символичните пространства, оформени чрез изградените по проект „Скопие 2014" паметници**
*Григор Хар. Григоров* 27

**Разказите, които създават реалност**
*Албена Георгиева* 75

**Современи семејни празнувања – некои компаративни споредувања во Македонија и Бугарија**
*Весна Петреска* 83

**Връзка със свещената отвъдност: вярвания и ритуални практики при гробове и мощи на светци (по примери от България и Р. Македония)**
*Вихра Баева* 104

**Култът към светци безсребърници в Македония. По примери от Скопие и Охрид**
*Яна Гергова* 121

**Светите бесребреници Кузман и Дамјан во Сандански. Култ и календар**
*Ели Луческа* 134

**Сакрални места и културна памет на тройната граница – почитта към светците-пустиножители в Осоговския манастир**
*Петко Христов* 146

**Историскиот развој на фолклорните манифестации, собори и фестивали, во Р. Македонија и Р. Бугарија**
*Владимир Караџоски* 157

**Традиција во современ контекст. Фолклорни манифестации и фестивали**
*Катерина Петровска – Кузманова* 180

**Фестивализација и поставување на фолклорот на сцена – компарација помеѓу Македонија и Бугарија**
*Велика Стојкова-Серафимовска* 195

**Съвременни трубадури на етносцената в Македония**
*Лозанка Пейчева* 207

**Песната „Ситни Стојно Ситничанко“ како инспирација за проучување на ороводната пејачка традиција во пограничјето меѓу Република Македонија и Република Бугарија**
*Родна Величковска* 231

**Материјали за изработка на традиционалниот музички инструмент зурла-зурна во Р. Македонија и Р. Бугарија**
*Горанчо Ангелов* 243

ПРИЛОЖЕНИЕ
**Изложба „В крак с времето“**
*Лина Гергова, Яна Гергова* 256

# МАТЕРИЈАЛИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ТРАДИЦИОНАЛНИОТ МУЗИЧКИ ИНСТРУМЕНТ ЗУРЛА-ЗУРНА ВО Р. МАКЕДОНИЈА И Р. БУГАРИЈА

**Горанчо Ангелов**
Музичка академија, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип

**Summary**
MATERIALS USED FOR MAKING THE TRADITIONAL MUSICAL INSTRUMENT "ZURNA/ZURLA" IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE REPUBLIC OF BULGARIA
Gorancho Angelov, *Musical Academy – University "Gotze Delchev" – Shtip*

One of the key processes related to the musical instrument in the series *instrument-instrumentalist-music* is its making which is essential for its survival. As an integral part of this study we conducted a field research in Petrich, Sandanski, and Kavrikirovo village in the Republic of Bulgaria, as well as in Kicevo, Struga and Skopje in the Republic of Macedonia, with the aim to discover the types of trees used for making zurlas in both countries. This article omits the over-discussed issues related to the technology of preparing the wood as one of the initial processes in the making of the musical instrument, but rather deals with the tree types from which **zurlas** are made in R. Macedonia and R. Bulgaria.

**Keywords:** Macedonia, Bulgaria, zurla, zurna, musical instrument making, wood

## Вовед

Предмет на нашиот интерес се постарите, би рекле примитини музички инструменти кои успеале да ја задржат својата првобитна форма и сѐуште имаат практична употреба во живата музичка традиција во регионите во кои биле употребувани и во минатото. Овие музички инструменти биле

дел од многубројните обреди кои го придружувале животниот циклус на човекот и заедницата. Со помош на музичките инструменти се создавала и негувала инструменталната и ороводната музика која спонтано се пренесувала и надградувала од страна на талентираните поединци. И денес овие инструменти се огледало на минатото и преку нив се отсликува музичката традиција на регионите во кои се употребувале и сѐуште се употребуваат. Уште во далечното минатото музичките инструменти биле создавани и употребувани од човекот кој преку нив ги изразувал своите душевни чувства и биле применувани во различни моменти од човековиот живот. Употребата на исти или слични музички инструменти на географски соседни или оддалечени територии и денес претставува одредена енигма која не може до крај да се разреши. Сметаме дека прашањата поврзани со тоа каде прпат се појавил некој инструмент, кој го создал, каде се употребувал, на кој начин е пренесен, како се изработувал, од кој материјал се изработувал и многу други прашања можат да имаат различни одговори. На мислење сме дека можеби побргу ќе дојдеме до одговори на некои прашања ако почнеме да се интересираме за нивната употреба денес па потоа да се враќаме кон нивната употреба во минатото. Од денешна инстанца кога овие прашања се разработени преку бројните теренски истражувања кои користат различни извори можеме да дојдеме до одредени заклучоци поврзани со музичките инструменти и нивното егзиситрање на одредена територија, денес и во минатото. Имајќи во предвид дека некои инструменти биле поприфатени од други треба со поголемо внимание да го следиме нивниот развој, степенот на употреба и каде и од кого се употребува со што ќе дојдеме до поконкретни сознанија поврзани со егзистенцијата на самиот инструмент.

Еден од главните процеси поврзан со музичкиот инструмент во циклусот инструмент – инструменталист – музика е неговото изработување кое е од суштинско значење за неговото опстанување. Процесот на создавање и усовршување на музичките инструменти завршува во оној момент кога тој престанува да се изработува односно, неговата употреба во срединте во кои е создаден континуирано се намалува. Колку и да звучи сурово историјата сведочи за изчезнување на некои музички инструменти кои во минатото биле дел од нечија традиција и имале важна улога во многубројните обреди.[1] Бидејќи нема материјал кој има неограничена трајност повеќе од сигурно е дека изработениот музички инструмент не

[1] И овој процес можеби е долготраен но никако не ја исклучуваме веројатноста тој да се случувал како последица на многубројни туѓи културни влијаниа кои наметнуваат прифаќање на туѓото, а отфрлање на своето и како резултат на тоа, прифаќање на туѓото како свое.

може да трае вечно поради што од најголемо значење за опстанување на инструментот е неговото континуираното изработување. Фактот дека доколку некој инструмент не се изработува подолг временски период, негово изчезнување од употреба и од картата на музички инструменти е неминовно ни укажува на важноста и улогата на изработувачите на инструменти. Нашите теренски истражувања и бројните претходни записи го потврдуваат тоа дека инструментите биле изработувани од самите свирачи и од специјализирани мајстори изработувачи на музички инструмент. Не е редок случај кога инструметалистите одат кај мајстори дрводелци и ги порачуваат инструментите по свои димензии и по делумната изработка ги доработувале според нивните индивидуални чувства. Оваа практика ја бележиме и денес на терен што ни укажува на тоа дека самите инструменталисти имаат одредени знаења за својот инструмент кои ги пренесуваат на изработувач кој пак потоа изработува инструменти и за други инструменталисти.

Во продолжение ќе се фокусираме на изработувањето на еден стар музички инструмент кој до денес има значајна улога во музичката традиција во Р. Македонија и Р. Бугарија, инструмент кој ја задржал својата стара форма и не претрпел скоро никакви модификации. Станува збор за инструментот во Р. Македонија познат како *зурла* а во Р. Бугарија се нарекува *зурна*. За ова студија извршивме теренски истражувања во Р. Бугарија во градовите Петрич и Сандански и село Каврикирово и во Р. Македонија во градовите Кичево, Скопје и Струга каде снимивме неколку изработувачи на зурла од кои се стекнавме со информации поврзани со изработувањето на зурлата односно: на кој начин се изработува, од кој материјал и каков алат користи во процесот на изработување. Во овој труд ќе направиме краток опис на зурлата а потоа ќе се осврнеме на дрвото од кое се изработуваат зурлите во Р. Македонија и Р. Бугарија изоставувајќи ги вообичаените прашања поврзани со технологијата на подготовка на дрвото како еден од првите процеси во изработката на зурла. Нашата цел е преку компаративни методи да дојдеме до некои заклучоци во поглед на дрвото од кое се изработува зурлата во Р. Македонија и Р. Бугарија.

**Краток опис на зурлата (зурната)**

Зборувајќи за зурлата во Р. Македонија и зурната во Р. Бугарија слободно можеме да кажеме дека станува збор за идентичен музички инструмент со исти составни делови различно именувани но со иста функција, инструмент кој во ерголошки и музички поглед со текот на времето добил одредени локални својства (материјал, димензии, тембар,

музика, репертоар). За составните делови на зурлата се среќаваат повеќе терминологии од кои некои имаат локална употреба а некои се општоприфатени од поголемиот број на зурлаџии во Р. Македонија. „Во различни краеви, постојат исти инструменти со исто или многу слично име“ (**Gojkovič 1982: 17**). Александар Линин вели дека дрвениот музички инструмент со две јазичиња од типот обоа се среќава во неговото изворно име (зурна), во помакедонченото зурла и сурла (**Линин 1986: 106**). Од страна на инструменталистите на зурла во Р. Македонија составните делови на зурлата најчесто се нарекуваат зурла за корпусот, славец, мендик и писка (Фотографија 1).



Фотографија 1. Составни делови на зурла-зурна: зурла (корпус);
славец и мендик со писка

„Зурлата е направена од едно парче дрво, кое се проширува на крајот во вид на ѕвоно, а имаат и конусовидни дупки. На предната страна има седум дупки за прстите, а на задната една за палецот. На ѕвонестиот дел постојат девет или три звучни дупки на предната страна, и една или две странично и паралелно. Овие дупки се користат и за штимување“ (**Арбатски 1999: 297**). Изработувачот на зурли од Тетово Фариз Хајрула за славецот вели *слапец*. Овој термин го користат и некои зурлаџии од Западна Македонија. „Зурлата е дрвена конусна цевка, проширена при крајот во форма на инка (левак). Во неа е издлабен конусен канал со разновиден пресек. Конусниот пресек зависи од должината и типот на зурлата. На предната страна, на проширениот дел на зурлата издупчени се седум дупки наречени „душници“ или „гласници“, распоредени на следниов начин: три на предната страна во продолжение на вертикалата на која се издупчени мелодиските дупки, распоредени на еднаква оддалеченост една од друга“ (**Линин 1999: 301**).

Зурлаџијата Али Зурнаџиев од Радовиш за корпусот вели зурла (А.З.). За зурлата во Бугарија едноставна и конкретна дефиниција која ја користат и македонските етномузиколози ни дава бугарскиот етномузиколог Николај Кауфман: „Според изработката на пискатa зурлата припаѓа на семејството обоа. Се состои од фуниевидна труба, долга околу 40 до 60 см. Трубата е од дрво коешто мајсторите го изработуваат на струг“ (**Кауфман 1970: 88**). „Зурлата која се среќава во Бугарија е составена од следните делови: конусна труба со фуниевидно проширување на крајот, настројник и стројка“ (**Тодоров 1973: 88**). За настројникот (славец) мајсторот Ѓорги Иванов Токов од Петрич вели дека тоа е атрибут, додаток на зурната и го нарекува баш’лк (Ѓ.И.Т.). „Зурлата е составена од четири делови: корпус (труба, цевка); муфа (баш’лк); метална трубичка (калем, лула); држач за трска“ (**Джуджев 1975: 74**). Наиден Геров во својот „Речник на бугарскиот јазик“ вели дека музичарот кој свири на зурна се нарекува „зурнаџија“ со синонимот „суренчик, сурнечеј, сурник“ термини за кои претпоставува дека се русизми (**Геров 1976: 166**) (Фотографија 2).



Фотографија 2. Составни делови на зурна: корпус (труба, цевка); муфа (баш’лк); и метална трубичка (калем, лула) со писка

**Видови дрва за изработување на зурла-зурна**

Зурлата е музички инструмент кај кој корпусот и славецот се изработуваат од дрво, мендикот од метал „месинг“ и пискатa од трска. Во овој труд нема да бидат опфатени мендикот и пискатa и нивната изработка туку ќе се фокусираме само на видовите дрва за изработка на корпусот и славецот кај зурлата. „Од создавањето на светот па до денес, дрвото како материјал, неразделно ги придружувало сите фази на човечкиот живот и битно влијаелео за неговиот опстанок и за еволуцијата на неговиот род. Не напразно прастариот човек на некои дрвја им давал култно значење

или ги прифаќал и толкувал како божества“ (**Чајкановић 1985: 102–116**). Преку објавените публикации кои се базираат на теренските истражувања вршени во континуитет во подалечното минато и преку нашите теренски истражувања вршени во периодот од почетокот на втората деценија од XXI век до денес имаме можност да дознаеме од кои сè дрва се изработувале зурлите во минатото а од кои денес. За изборот на материјал за изработка на инструментите меѓу кои и зурлата Андријана Гојковиќ вели: „Од кој материјал ќе биде изработен еден инструмент, најмногу зависи од материјалот кој што преовладува во тој крај“ (**Gojković 1989: 14**).

Наше мислење е дека во минатото зурлите најчесто се правеле од дрва кои се наоѓале во непосредна близина на оној што ги изработувал зурлите поради ограничната можност на движење односно немањето превозни средства како денес. Со постепеното опремување со превозни средства изработувачите почнуваат да бараат материјали и од поодалечените места со што доаѓаат до дрва кои можеби претходно не им биле достапни. Ограничениот пристап до различни дрва е една од причините поради која наидуваме на сосема спротивставени мислења од старна на свирачите на зурла и специјализираните мајстори изработувачи на зурли околу тоа кое дрво е подобро или поквалитетно за изработување на зурла. Ние нема да му дадеме некое посебно значење на тоа кое дрво и зошто е поквалитетно и дали квалитетот се мери по издржливоста или пак по тонот на зурлата туку ќе се потрудиме на едно место да ги опфатиме видовите дрва од кои се изработува зурлата во Р. Македонија и Р. Бугарија. Во изборот на дрво некогаш преовладува љубопитноста кај изработувачите да направат зурла од што повеќе видови дрва како самите би дошле до заклучок околу квалитетот на зурлата во поглед на нејзината трајност но и она што е најважно за еден музички инструмент, квалитетот на звукот што е мошне важно за секој музички инструмент.[2]

### Видови дрва во Р. Македонија

„Како материјал се користи, главно оревово дрво. Меѓутоа, мислењата за видот на дрвото од кое се изработуваат, се најразлични. Така на пример штипските зурлаџии му даваат предност на јаболковото дрво, во селото Ратево, Беровско, центарот на зурлаџиско тапанарските состави на Беровскиот крај, го претпочитаат оревовото дрво. Во скопскиот регион и

[2] Убедени сме дека квалитетот на звукот на зурлата има голема улога во музичко-техничкиот напредок на зурлаџијата односно, колку е поквалитетен звукот на зурлата и овозможува полесно добивање на различните висини на тоновите толку полесно зурлаџијата ќе ги совладува вештините на свирење.

во градот, покрај оревовото се употребува и јаворово дрво" (**Линин 1986: 106**). Велимир Крстевски изработувачот на зурли од Кичево зурлите ги изработува од црешна, јаболко, орев, дива круша а славецот го изработува од зеленика. Тој вели: „Скоро од секое дрво може да се направи зурла само не од даб. Важно е структурата на дрвото да биде убава годовите да се убави. Дивата круша, јаворот и некои други дрва немаат годови, не се приметуваат. Дрвото што нема годови е покомпактно" (В.К).[3] „На теренот сум ги сретнал следните видови дрвја од кои се изработуваат зурлите: питомо јаболко, јасен, клен, јавор, црна слива и орев. Славецот најчесто се изработува од шимширово дрво" (**Линин 1999: 302**). Стојанче Костовски, истакнат изработувач на народни инструменти и според зурлаџиите најдобар мајстор за зурли во последните години, зурлите ги изработува од слива, крушка, клен и јавор. Тој вели: „Тие сè дрва што највеќе одговараат, како за кавал што одговара јасен. Има и други дрва ама овие се за зурла" (С.К.). Стојанче славецот го изработува од зеленика. „Славец може да се изработи и од друго дрво ама не е таков квалитетот на звукот" (С.К.). Божидар Широла произенсува фотографии со голема македонска зурла од Скопје изработена од сув јавор и славец изработен од шимшир (**Širola 1932: 61**).[4] Изработувачот на каба зурли од Тетово Фариз Хајрула зурлите ги изработува од црешна и круша а славецот (слапецот) од шимшир. „Оваа е од црешна, оваа е од круша. Некои викаат од тоа од тоа, јас како сум го студирал, како е отворено унутра иде даље, чим штима, ааа викаа убаа, дрвото убаво, знаеш старите. Од кајсија може ама повеќе ги сакат од круша" (Ф.Х). Вера Кличкова за зурлите вели дека се изработуваат од јавор а може и од оревово дрво, рачно или на струг – на чарк (**Кличкова 1960: 228**). Мајсторот на зурли Раде Ложанкоски корпусот го изработува од ореово дрво или црница.[5] Овие дрва ги има и во околината на Струга. Славецот го изработува од ореовото дрво но вели дека најдобро дрво за изработка на славец е зелениката поради тоа што ова дрво се одликува со голема цврстина и издржливост но е потешко да се набави бидејќи расте само во некои делови на Македонија. Раде има изработено корпус на зурла и од зеленика.

---

[3] Годови се концентричните кругови кои се појавуваат кај дрвата секоја година и од кои може да се одреди староста кај дрвото.

[4] Од нашите теренски истражувања доаѓаме до заклучок дека зеленика и шимшир е исто дрво но ова не го знаат сите изработувачи на зурли и зурлаџии.

[5] Во струшкиот крај црницата се нарекува муренка.

**Видови дрва во Р. Бугарија**

Според нашето мислење, изборот на дрво за изработување зурла во Бугарија е поврзан со можноста дрвото да се набави во околината на изработувачот, бидејќи најчесто се употребува дрво кое може лесно да се набави и е погодно за обработување и изработување на самиот инструмент. Бугарските етномузиколози посочуваат некои видови дрва од кои се изработува зурлата. „Конусната труба се изработува од монолитно дрво (дрен, јавор, бука, слива, црница или цреша)" (**Тодоров 1973: 88**). „Корпусот на зурната се прави од тврдо дрво, најчесто од црешово, дреново или јаворово" (**Џуџев 1975: 74**). „Според теренското истражување на Иван Качулев во 60-те години на XX век, зурните во Гоцеделчевско се прават од орев, круша, "маждравка", како најпочитувани се тие од багрем, а во Петричко от зерзелија. Според денешните музиканти зурнаџии од Југозападна Бугарија зурни се прават од: орев, кајсија (зерзелија), цреша и круша а баш'лкот од смрека (смрековина) (Разложко); кајсија (зерзелија), цреша, орев, круша (Петричко); јавор, орев, сина слива а некогаш ги правеле од шимшир, круша и јабука (Гоцеделчевско) (**Пейчева & Димов 2002а: 62**). Мајсторот Ѓорги Иванов Токов од Петрич кој што изработува зурли за зурлаџиите од околината на Петрич и за зурлаџии од Грција вели дека зурлите се изработуваат од разни дрва а тој ги изработува од зарзелија и кајсија. За овие две дрва Ѓорги вели: „Тие се како браќа, зарзелијата и кајсијата. Кајсијата е со поедри плодови а зарзелијата е со помали плодови. Потоа е кајсијата, сливата, после черешата и на петто место јас го ставам оревот затоа што оревот е убав (јас го користам за мене) за ногарки од маси, за столови оти е убаво дрво има природни шари но е многу тешко за работа бидејќи е како лушпи, се откинува при работа (Ѓ.И.Т.). Баш'лкот го изработува од истото дрво. „Муфата (баш'лкот) обично се прави од истото дрво од кое е изработена зурлата, но има и случаи, во кои двата дела се од различен материјал" (**Пейчева & Димов 2002а: 62**). „Само еден ром сака зурната да е од орев"(Ѓ.И.Т.). Овој ром дошол кај Ѓорги и му рекол да не ја кажува тајната на никого со објаснување дека тие добиваат професионално заболување на образите од дувањето, а кај зурла од орев оптеретувањето е помало (Ѓ.И.Т.). Љубен Иванов Димитров (турско име му е Курта) од Каврикирово Р. Бугарија, зурлите ги изработува од зерзелија, цреша и орев. „И од круша може но не можеш да го зачуваш дрвото бидејќи го разјадува црвец" (Љ.И.Д.). Од истото дрво од кое го изработува корпусот го изработува и баш'лкот. Тој вели дека дрвото мора да е убаво исушено а ако е зелено, тоа се собира. „Дрвото е живо се собира ама ако е мртво, нема да се собира (Љ.И.Д.). Пејчева и Димов како причина за различниот избор

на дрва ги посочуваат тембровите карактеристики на зурлата. „Изборот на различните видови материјали може да се објасни со пресликувањето во тембровата карактеристика на зурните од трите реони. Во Гоцеделчевско се преферираат зурни од орев, зошто дрвото е меко и зурната свири меко. Во тој реон не прават зурни од зерзелија зошто зерзелијата е многу остра. Обратно, во Петричко преферираат зурни изработени од кајсија, зошто звукот е посилен и позвучен, поостар“ (**Пейчева & Димов 2002б: 45**).

**Заклучок**

Сумирајќи ги произнесените податоци поврзани со изборот на дрво за изработување на дрвените делови кај зурлата во Р. Македонија односно зурната Р. Бугарија дојдовме до конкретни сознанија за тоа кои дрва можат да послужат да се изработи овој музички инструмент. Она што можеме да го констатираме е дека кај зурлите во Р. Македонија во минатото а и денес корпусот се изработува од едно дрво а славецот (башл'кот) скоро секогаш се изработува од дрвото шимшир (зеленика) додека во Р. Бугарија корпусот и баш'лкот кај зурната се изработуваат од исто дрво. Мораме да напоменеме дека одредени истражувачи на зурната во Р. Бугарија бележат дека среќаваат зурни кај кои башл'кот е изработен од зеленика. Ние забележуваме дека во денешно време, иако поретко и во Р. Македонија се изработуваат и зурли кај кои корпусот и славецот се изработени од исто дрво. Претпоставуваме дека употребата на дрвото зеленика за изработка на славец се должи на неговата распротранетост во некои делови на Р. Македонија со што ова дрво е достапно за самите изработувачи. Другата веројатност поради која се упторебува зелениката е познавањето на позитивните особини на ова дрво кое се одликува со голема цврстина и поголема трајност и отпорност на кондензацијата предизвикана од дувањето во зурлата. можеби е една во Р. Бугарија. Изоставувањето на зелениката во Р. Бугарија можеби се должи на недостатокот на ова дрво или пак самите изработувачи констатирале дека попогодно дрво за изработување на башл'кот е истото дрво од кое го изработуваат корпусот на зурлата. Нашата генералана констатација за изработката на зурла е дека една од причините поради кои во различни региони доминираат различни дрва за изработка на зурла и славец односно зурна и башл'к е самата вегетација односно, се употребуваат дрвја кои можат да се набават во самата околина. Многу ретко се употребува дрво кое не може да се набави во околината на изработувачот поради што слободно можеме да кажеме дека големо влијание врз изборот на дрвото има самата природа. Распространетостта на исти или слични музички инструменти во блиски или подалечни региони ни дава до знаење дека музиката како

краен производ на музичкиот инструмент, а не дрвото од кое е изработена зурлата/зурната е симболот преку кој можеме да одредиме која зурла на кое музичко-фолклорно поднебје или регион припаѓа. Поконкретно, од голема важност за нас е кој свири на зурла, каква музика свири, кој музички израз го користи, каков репертоар свири итн. Во поглед на материјалот дали изработувачите го направиле вистинскиот избор на дрво е следната наша студија која ќе ги опфати свирачите на зурла кои преку своето музицирање имаат можност да ги почуствуваат предностите и негативностите на зурли изработени од различни видови дрва. Овој труд ќе го заокружиме со надеж дека произнесените информации на потенцијалните изработувачи на зурла ќе им послужат во одбирањето на дрво за изработка на зурла во Р. Македонија и Р. Бугарија.

**ЛИТЕРАТУРА:**


**Геров, Найден. 1976.** *Речник на българския език. Част втора.* София: Български писател.

**Джуджев, Стоян. 1975.** *Българска народна музика,* том 2. София: Музика.

**Кауфман, Николай. 1970.** *Българска народна музика*. София: Наука и изкуство.

**Кличкова, Вера. 1960.** *Народни музички инструменти у Македонији.* Београд: Рад V Конгреса СФЈ у Зајечару и Неготину, 1958.

**Линин, Александар. 1986.** *Народните музички инструменти во Македонија.* Скопје: Македонска книга.

**Линин, Александар. 1999.** Зурлите во Македонија. *Музиката на почвата на Македонија*. Скопје: МАНУ, 301–304.

**Пейчева, Лозанка & Венцислав Димов. 2002**а. Зурните в Югозападна България (устройство, изработване, музикални възможности). *Българска етнология,* 27/4: 56–78.

**Пейчева, Лозанка & Венцислав Димов. 2002б**. *Зурнаджийската традицијя в Югозападна България.* София: Българско музикознание-иследвания.

**Тодоров, Манол. 1973.** *Български народни музикални инструметнти.* София: Наука и изкуство.

**Чајкановић, Веселин. 1985.** *О магији и религији – култ дрвета и биљки код старих Срба.* Београд: Просвета.

**Gojković, Andrijana. 1982.** *Terminološke sličnosti muzičkih instrumenata.*

Sarajevo: Zvuk, br. 2.

**Gojković, Andrijana. 1989.** *Narodni muzički instrumenti*. Beograd: Vuk Karadžić.

**Širola, Božidar. 1932.** *Sopile i zurle*. Zagreb: Narodna starina, knjiga XII, sv. 30.

## ИНФОРМАТОРИ:

Али Зурнаџиев, зурлаџија, роден 07.04. 1965 г. во Радовиш.

Веломир Крстевски, изработувач на зурли, роден 1957 г. во Кичево.

Стојанче Костовски, изработувач на музички инструменти, роден 1957 г. во село Виниче, Скопје.

Раде Ложанкоски, изработувач на зурли, роден 1954 г. во Струга.

Фариз Хајрула, зурлаџија и изработувач на каба зурли, роден 1949 г. во Тетово.

Ѓорги Иванов Токов, изработувач на зурли, роден 1951 г. во Петрич, Р. Бугарија.

Љубен Иванов Димитров (турско име Курта), зурнаџија и изработувач на зурли роден 1946 г. во село Каврикирово.

Христо Ангелов Христов, изработувач на зурни роден во село Петко Каравелово, Велико Трново, 1957 г. живее во Петрич.

## ПРИЛОГ ФОТОГРАФИИ:



Фотографија 3. Дрва подготвени за обработување



Фотографија 4. Делумно обработени дрва



Фотографија 5. Подготвено дрво за изработка на славец (баш'лк, муфа)